ИНФОРМИРАНОСТА, ПОСЛЕДИЦИТЕ СО КОИ СЕ СООЧИЛЕ И ГРАЃАНСКАТА АКТИВНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА КРИЗА СО КОВИД-19

99% од граѓаните велат дека се запознаени со кризните мерки поврзани со ковид-19, додека 98% посочуваат дека ги следат. Речиси секој втор граѓанин (45%) познава лице што било заболено од ковид-19 (најчесто, станува збор за блиски пријатели или познаници). Процентот на оние што познаваат некој што бил заболен од ковид-19 е помал кај највозрасните испитаници, односно тие над 60 години (29%) и кај испитаниците што живеат во руралните средини (37% наспроти 50% во градска средина).



Последици од здравствената криза почувствувале **17% од граѓаните** и севкупно најпогодени се граѓаните на возраст од 20 до 29 години кај кои речиси секој четврти (24%) ја почувствувал кризата, по што следуваат граѓаните од 50 до 59 години со 23%.



Секој четврти граѓанин смета дека неговиот/нејзиниот **граѓански ангажман** во време на ковид-19 кризата се зголемил, а 65% од граѓаните оценуваат дека ангажманот им останал ист.

Секој петти испитаник се вклучил во **помош за справување со кризата** надвор од своите редовни работни обврски. Вклучувањето во помагањето за справувањето со кризата е обратнопропорционално со возраста.





ИНФОРМИРАНОСТА, ПОСЛЕДИЦИТЕ СО КОИ СЕ СООЧИЛЕ И ГРАЃАНСКАТА АКТИВНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА КРИЗА СО КОВИД-19

Најчести форми на вклучување во помош се **набавување намирници за своите соседи** или за други лица заболени од ковид-19 и преку поддршка на лица што не се во можност да го напуштат својот дом.



Меѓу кризните мерки, најкористено е правото на **платежна картичка за домашни производи** и секој петти испитаник се изјаснил дека ја искористил оваа мерка.
Сепак, **мнозинството или 72% од граѓаните** се изјасниле дека **не биле лично корисници** на ниту една од кризните мерки што беа донесени од Владата на РСМ.



Само 3% потврдиле дека добиле поддршка **или помош од граѓански организации.** Највисока е поддршката на младите на возраст од 16 до 19 години и изнесува 13%.

АНКЕТАТА БЕШЕ СПРОВЕДЕНА НА НАЦИОНАЛЕН РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК ОД 1300 ИСПИТАНИЦИ СО ± 2% МАРГИНА НА ГРЕШКА. ПОДАТОЦИТЕ СЕ ДЕЛ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО „ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ДОПОЛНИТЕЛЕН ОСВРТ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД 19“.

*ОВАА ВИЗУАЛИЗАЦИЈА Е ИЗРАБОТЕНА СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. СОДРЖИНАТА НА ВИЗУЕЛИЗАЦИЈАТА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ФОНДАЦИЈАТА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - МАКЕДОНИЈА, ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ – ЕВРОТИНК, РЕАКТОР - ИСТРАЖУВАЊЕ ВО АКЦИЈА И ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР истражување во акција

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK eurothink.mk